РЕГУЛАТОРНА КОМИСИЈА ЗА ЕНЕРГЕТИКА
НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Бр. 03-2386/2
17.12. 2018 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 24, став (1), точка 2), алинеја 14 од Законот за енергетика („Службен весник на Република Македонија" бр.96/18), а постапувајќи по Барањето на Операторот на електропреносниот систем на Македонија, Акционерско друштво за пренос на електрична енергија и управување со електроенергетскиот систем, во државна сопственост Скопје, АД МЕПСО Скопје, бр.03-2386/1 од 14 декември 2018 година, Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Македонија, на седницата одржана на 17 декември 2018 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за одобрување на назначување на службеник за усогласеност**
**на АД МЕПСО Скопје**

1. Се одобрува назначување на Александар Чеботарев за службеник за усогласеност во Операторот на електропреносниот систем на Македонија, Акционерско друштво за пренос на електрична енергија и управување со електроенергетскиот систем, во државна сопственост, Скопје, АД МЕПСО Скопје.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување.

**О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е**

Согласно член 74, став (2) од Законот за енергетика („Службен весник на Република Македонија" бр.96/18), Операторот на електропреносниот систем на Македонија, Акционерско друштво за пренос на електрична енергија и управување со електроенергетскиот систем, во државна сопственост, Скопје, АД МЕПСО Скопје на ден 14 декември 2018 година со допис бр. 02-9350, достави на одобрување до Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Македонија (во понатамошниот текст: Регулаторна комисија за енергетика) предлог за назначување на Александар Чеботарев за службеник за усогласеност во АД МЕПСО Скопје, заведено со бр.03-2386/1 од 14 декември 2018 година.

Во прилог на дописот, АД МЕПСО Скопје достави Одлука на Надзорниот одбор на АД МЕПСО Скопје бр.02-9300/4 од 13 декември 2018 година со која се именува Александар Чеботарев за службеник за усогласеност во АД МЕПСО Скопје, а која ќе произведе правно дејство по одобрување на назначувањето од страна на Регулаторната комисија за енергетика. Одлуката бр.02-9300/4 од 13 декември 2018 година е донесена од Надзорниот одбор на АД МЕПСО Скопје по спроведување на конкурс за именување на службеник за усогласеност бр.02-8935 од 28 ноември 2018 година. Исто така, во прилог на дописот, АД МЕПСО Скопје достави и кратка биографија и дополнителна документација за Александар Чеботарев.

Согласно член 74, став (5) од Законот за енергетика, Регулаторната комисија за енергетика со Решение бр. 02-1709/1 од 31 август 2018 година ги одобри условите со кои се уредува мандатот и условите за вработување на службеникот за усогласеност, вклучувајќи го и времетраењето на неговиот мандат или вработување, со цел да се обезбедат независноста, како и сите потребни услови за остварување на неговите овластувања и извршување на неговите должности.

РЕПУБЛИКА МАКЕ... за подрачјето на основните суд... НОТАР АНА БРАШНАРС... СКОПЈЕ

На ден 17 декември 2018 година Регулаторната комисија за енергетика одржа седница на која го одобри назначувањето на Александар Чеботарев за службеник за усогласеност на АД МЕПСО Скопје.

Имајќи го во предвид горенаведеното се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

ПРАВНА ПОУКА: Против ова Решение, може да се поведе управен спор, во рок од 30 дена од денот на приемот.

**бр. 03-2386/2**
**17 декември 2018 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Марко Бислимоски**

**изготвил: Марија Костадиновска**